# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ЗЕЛЕНИКОВО БРОЈ 14

СОДРЖИНА


| **Ред. број** | **Име на одлука** | **Страна** |
|---|---|---|
| **1** | Одлука за утврдување предлог за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Зелениково и Општина Кисела Вода | **3** |
| **2** | Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Зелениково и Општина Кисела Вода | **4** |

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02) Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за утврдување предлог за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Зелениково
и Општина Кисела Вода

Се објавува Одлуката за утврдување предлог за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Зелениково и Општина Кисела Вода, донесена на 58-та ИТНА седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 01.11.2024 година.

**Број 08-49/74**
**Датум 05.11.2024 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 14 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02), а во врска со член 6 од Законот за меѓуопштинска соработка (Службен весник на РМ бр.79/09), Советот на Општина Зелениково на 58 - та ИТНА седница, одржана на ден 01.11.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за утврдување предлог за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Зелениково и Општина Кисела Вода**

**Член 1**

Советот на Општина Зелениково го утврдува предлогот за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Зелениково и Општина Кисела Вода, поднесен од Градоначалникот на Општина Зелениково со број 08-185/5 од 30.10.2024 година, за вршење на работи од страна на Општина Кисела Вода за обезбедување на грант за проширување на капацитетите на објектот "Зеленика" кој е во надлежност на ЈДГ "8ми Март".

**Член 2**

Одлуката за утврдување предлог за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Зелениково и Општина Кисела Вода за вршење на работи за обезбедување на грант за проширување на капацитетите на објектот "Зеленика", се доставува до Советот на Општина Кисела Вода на прифаќање и усвојување.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Зелениково.

**Број 08-185/7**
**Датум 01.11.2024  година**

**Совет на Општина Зелениково**
**Претседател**
**Злате Димовски с.р**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02) Градоначалникот на Општина Зелениково донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлука за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Зелениково и Општина Кисела Вода

Се објавува Одлуката за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Зелениково и Општина Кисела Вода, донесена на 58-та ИТНА седница на Советот на Општина Зелениково, одржана на ден 01.11.2024 година.

**Број 08-49/75**
**Датум 05.11.2024 година**

**Градоначалник**
**на општина Зелениково**
**Коста Маневски с.р**

Врз основа на член 14 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ број 05/02), а во врска со член 4 од Законот за меѓуопштинска соработка (Службен весник на РМ бр.79/09), Советот на Општина Зелениково на 58 - та ИТНА седница, одржана на ден 01.11.2024 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**за воспоставување меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Зелениково и  Општина Кисела Вода**

**Член 1**

Со оваа одлука се воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Зелениково и Општина Кисела Вода, заради вршење на работи од страна на Општина Кисела Вода за обезбедување на грант за проширување на капацитетите на објектот "Зеленика" кој е во надлежност на ЈДГ "8ми Март".

**Член 2**

За реализација на оваа одлука се овластува Градоначалникот на Општина Зелениково да склучи договор со Градоначалникот на Општина Кисела Вода, во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинска соработка.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во службен гласник на Општина Зелениково.

**Број 08-185/8**
**Датум 01.11.2024  година**

**Совет на Општина Зелениково**
**Претседател**
**Злате Димовски с.р**